**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

## за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Француски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Јас и другите***<br>• ***Непосредно окружение***<br>• ***Секојдневен живот***<br>• ***Слободно време*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла;<br>• нагледни средства, постери, фотографии, слики, предмети, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, дрвени боици, фломастери и сл.<br>• учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн)... |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по француски јазик и литература - наставна насока, VII/ 1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по француски јазик и книжевност - наставна насока, VII/ 1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по француски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по француски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по македонски и француски јазик, VII/ 1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по француски јазик и литература/книжевност - друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска наобразба (доквалификација) за наставата по француски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-А.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-А.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-А.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси, едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-А.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.); |
| II-А.16 | да користи низа изрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-А.17 | да иницира и да учествува во куси разговори на позната тематика; |
| II-А.18 | да користи низа од изрази и реченици за да ги опише со едноставни зборови: семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици, се развива можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | со познавањето повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси кои се корисни за совладување други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| I-Б.4 | преку изучувањето други јазици се развива почит кон другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин е потребно и ефективно користење ИКТ за решавање некоја задача/проблем; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди. |

**Личен и социјален развој**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| V-A.4 | да прави проценка на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со други и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со другите во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |

| | |
|---|---|
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

**Општество и демократска култура**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делувањево заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата. |

**Техника, технологија и претприемништво**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

**Уметничко изразување и култура**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културната разноликост влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема 1: ***ЈАС И ДРУГИТЕ***<br>Вкупно часови: 16 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. Разбере глобално и детално значење на едноставни слушнати/пишани искази и многу кратки едноставни текстови во кои се опишува физички изглед;<br>2. Го опише усно својот физички изглед и изгледот на друго лице;<br>3. Го опише својот физички изглед и изгледот на друго лице во многу краток едноставен текст. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Говорни чинови:<br>• Барање/давање информации поврзани со опис на лица (физички изглед и облека);<br>• Опишување физички изглед на лица со општи карактеристики. | • Разбира искази или многу краток слушнат и/или пишан текст со едноставен опис на физички изглед и облека на некое лице;<br>• Издвојува информации од едноставни слушнати/пишани искази за опишување физички изглед и облека на лице од блиското окружение;<br>• Употребува новоусвоени зборови и изрази при разменување информации за опис на физички изглед на лица;<br>• Се опишува усно себеси, другар/ка, член на своето семејство;<br>• Пишува многу краток едноставен текст со кој опишува физички изглед на позната личност;<br>• Пишува многу краток едноставен текст за опишување себе си или друго лице. |
| б) Лексички единици:<br>• Физички карактеристики (најчести описни придавки и именки): *grand, petit, mince, gros, beau, sympa, mignon...*<br>*les yeux marrons / verts / bleus, les cheveux longs / courts/ blonds/roux/bruns…;*<br>• Именки кои означуваат облека (*vêtements*): *une robe,* | • Разбира најчести описни придавки и именки поврзани со опис на лица (физички изглед и облека);<br>• Идентификува зборови и изрази поврзани со опис на физичкиот изглед во слушнат/пишан текст;<br>• Именува основни поими со кои се опишува физички изглед;<br>• Го објаснува значењето на зборовите кои означуваат облека;<br>• Набројува именки кои означуваат облека; |

| | |
|---|---|
| *une jupe, une chemise, un jeans, un pantalon, un survêtement, un tee-shirt, un maillot, un blouson, des baskets, des chaussures...;*<br>• Бои (*couleurs*): *jaune, rouge, bleu, orange, violet, rose, noir, blanc, gris, marron, vert*. | • Употребува поими и изрази во реченици со кои се опишува физички изглед. |
| в) Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходното одделение :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози).<br><br>• Нови содржини:<br>- придавки (adjectifs):<br>- описни придавки (qualificatifs);<br>- показни придавки (démonstratifs);<br>- согласување кај придавките (accord des adjectifs);<br>- местото на придавката во реченицата;<br>- заменки : *quel, qui, comment, quoi*;<br>- сегашно време (présent): *être, avoir, porter*;<br>- реченица (phrase):<br>-расказна: потврдна и одречна *(*affirmative et négative): *Il est grand. / Il n'est pas grand*.<br>-прашална (interrogative) : *Qu'est-ce qu'il/elle porte?*<br>-извична (exclamative) : *Qu'il est beau!* | • Препознава гласови карактеристични за францускиот јазик во зборови поврзани со темата што се обработува;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Ги употребува формите за машки и женски род кај новоусвоените именки и придавки;<br>• Ги употребува соодветните форми на описните придавки во множина;<br>• Ги употребува соодветните форми на показните придавки;<br>• Поставува прашања употребувајќи ги заменките: *quel, qui, comment, quoi;*<br>• Ги препознава и ги користи формите на глаголите *être, avoir, porter* во сегашно време;<br>• Употребува одречна форма на даден исказ. |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Стилот на облекување на младите;<br>• Кодексот на облекување во училишта во Франција и во | • Наведува сличности и разлики во начинот на облекување на младите во Франција и во Македонија;<br>• Наведува сличности и разлики во училишниот кодекс на облекување во |

| | |
|---|---|
| Македонија; | Франција и во Македонија; |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка, пеење претходно научена песна.
- *Слушање, разликување и изговор на гласовите*. Пр.: учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Вежби за разликување графеми и правопис на зборови. Пр.: слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- *Доаѓање до значењето*. Учениците гледаат слики од ликовите од стрипот *Asterix et Obelix* (или друг стрип), ги поврзуваат со описни придавки дадени под сликите и го откриваат нивното значење.
- *Род и број*. Наставникот пишува реченици на табла, пр.: *Il est grand. Elle est grande. Ils sont grands. Elles sont grandes.* според кои, учениците ги изведуваат правилата за образување женски род и множина. Наставникот дополнува со исклучоците. Потоа, учениците сами составуваат реченици и ги читаат.
- Подредување зборови во кратки реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- *Qui suis-je?* Секој ученик се опишува себеси со неколку кратки реченици на ливче, кое потоа го тутка во облик на топче. На даден знак од наставникот, учениците почнуваат да ги подаваат ливчињата еден на друг сè додека ливчињата не се измешаат. Потоа секој ученик го чита ливчето што го добил и погодува кој е опишан. Доколку не погоди, останатите ученици може да погодуваат.
- *Bingo des vêtements*. Учениците во парови или во групи добиваат ливче со неколку слики од делови од облека. Наставникот покажува слики (на лист или онлајн) една по една, по измешан редослед, ја именува облеката. Групата која прва ќе ги заокружи сите слики е победник. Потоа наставникот ги запишува зборовите на табла, ги изговара, а учениците повторуваат и го кажуваат значењето во зависност од тоа колку запомниле од претходната активност.
- *Ma couleur préférée est…* Учениците гледаат видео во кое се прикажани бои, пр. песната *J'aime les voitures* или *La chanson des couleurs*. Кажуваат кои бои ги виделе, на мајчин јазик. Наставникот ги запишува називите за бои на табла, потоа до нив ги запишува нивните

еквиваленти на француски јазик по измешан редослед. Учениците по второ гледање на видеото се обидуваат да ги поврзат правилно двете колони. Потоа наставникот ги изговара, а учениците повторуваат. Накрај, еден по друг, кажуваат која им е омилена боја. Пр.: *Ma couleur préférée est* ….

- *Touche la couleur*. Наставникот кажува: *Touche le rouge* и сите ученици треба да допрат нешто со црвена боја. Потоа се продолжува со друга боја. Улогата на аниматор може да ја има и некој ученик.
- *Загубен багаж.* Се пополнува однапред подготвен аеродромски формулар за загубен багаж, напишан на мајчиниот јазик на учениците. Во парови (улоги на гостин и домаќин), учениците добиваат формулар со следново упатство од наставникот: *Ton ami français vient te voir, mais la compagnie aérienne a perdu sa valise. Tu lui expliques ce qui est demandé sur le formulaire.* Домаќинот му го објаснува формуларот на француски јазик на гостинот. По објаснувањето, домаќинот го пополнува формуларот, наведувајќи го составот на загубениот багаж според кажувањето на гостинот (парчиња облека и други предмети).
- *Qu'est-ce que tu portes*? Учениците редоследно кажуваат по една реченица. Пр.: *Je porte un jean bleu*.
- *J'aime…/Je n'aime pas…* Наставникот прикажува фотографии/видеоматеријал од облека. Учениците покажуваат што им се допаѓа/што не им се допаѓа и ги искажуваат своите вкусови користејќи показна придавка. Пр.: *J'aime cette jupe. / Je n'aime pas ce pantalon rouge. /J'aime ces vêtements*.
- Учениците го увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или веќе постоечки на страниците на: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).
- *Loto.* Учениците во неколку групи пишуваат зборови за 5 парчиња облека. Наставникот претходно ги има напишано боите во секој род и број на тркало (преку користење дигитална алатка, како на пр. Digitools by La Digitalem, spinnerwheel). Едно вртење на тркалото може да се употреби само за еден збор. Групата која прва ќе успее да ги дополни напишаните делови од облека со придавка што означува боја во соодветен род и број е победник.
- *Les célébrités:* Наставникот покажува слики од познати француски личности што учениците усно ги опишуваат со кратки реченици (физички изглед, облека).
- *Personnage mystère*. Учениците во парови добиваат лист со слики од повеќе личности (документот може да биде прикажан на табла преку проектор). Секој ученик одбира по еден лик од сликите, без да го кажува на другиот. Учениците наизменично си поставуваат прашања, пр.: *C'est une fille? Elle est blonde? Elle porte une robe?*... и кој прв ќе ја погоди замислената личност е победник.
- Слушање/ читање со разбирање текст и одговорање на прашања од типот: *Qui? Quoi? Quand? Comment? Où?*, точно/неточно (vrai/faux), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор (QCM)

*Obélix est grand, gros et très fort. Il a les cheveux longs et roux. Son ami, Astérix, est petit et mince. Il a les cheveux blonds et courts. Ils ont un chien qui s'appelle Idéfix. Il est petit, blanc et mignon.*

*Ma sœur s'appelle Sara. Elle est en cinquième classe. Elle est de taille moyenne. Elle a les cheveux longs et bruns et les yeux marron. Elle aime porter des robes. Sa couleur préférée est le violet. Elle est très sympa. Je l'aime beaucoup.*

*Mon chanteur préféré est Julien Doré. Il est grand et mince. Il a les cheveux longs, blonds et bouclés. Il a les yeux bleus. Il porte souvent un T-shirt, une chemise et un jean ou un costume. Il est très sympa. J'adore ses chansons.*

- Усно изразување:
- *Je suis petit et brun. J'ai les yeux marron.*
- Усна интеракција:
  *- Il est comment? - Il est grand.*
  *-Qu'est-ce qu'il porte? - Il porte un jean, une chemise et des baskets.*
  *-Qu'est-ce que tu portes à l'école? - Je porte l'uniforme scolaire / ma tenue.*
  *-Quelle est ta couleur préférée? - Ma couleur préférée est le rouge.*

- Писмено изразување. Учениците пишуваат кратки едноставни реченици со зборови што означуваат облека што ја носат во разни прилики/места, пр.: *Pour aller à l'école/ au parc/ à une fête, je porte* ….
- Проектна задача: изработка на албум. Секој ученик се црта себеси или става своја фотографија на еден лист хартија и се опишува: *Je suis…, J'aime porter…, Ma couleur préférée est*. Листовите се спојуваат во еден албум. Заеднички ја осмислуваат насловната страна. Накрај, еден ученик го презентира албумот пред соучениците.
- Групна изработка на постер на тема *Кодекс на облекување во училиште* (*porter… / ne pas porter …*).
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на француски јазик, играње улоги, драматизации.

| Тема 2: **НЕПОСРЕДНО ОКРУЖЕНИЕ**<br>Вкупно часови: 17 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот / ученичката ќе биде способен /-на да:<br>1. Разбере глобално и детално краток слушнат и пишан текст со опис на домот;<br>2. Го опише својот дом при усно изразување и усна интеракција;<br>3. Го опише својот дом во краток едноставен текст. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Говорни чинови:<br>• Барање/давање информации за живеалиштето (адреса, вид на живеалиште);<br>• Искажување местоположба во простор;<br>• Опишување на својот дом (простории, основен мебел и предмети). | • Разбира глобално краток едноставен слушнат и/или пишан текст во кој се опишува дом;<br>• Издвојува информации од кратки едноставни слушнати / пишани искази/текст во кои се опишува домот;<br>• Ја кажува своја адреса на живеење;<br>• Одговара, со едноставни реченици, на прашања за видот на живеалиштето;<br>• Ја искажува, со едноставни реченици, местоположбата на мебелот и предметите во домот;<br>• Разменува информации и усно се изразува на тема: *Опис на домот*;<br>• Составува краток едноставен текст со опис на домот / омилена просторија во домот. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>• Дом: *une maison, un immeuble, un appartement, un étage, une rue, un numéro;*<br>• Простории: *un salon, une chambre, une salle à manger, une salle de bain, des toilettes, une cuisine, une porte, une fenêtre;*<br>• Основен мебел: *un lit, une table, une chaise, un placard, une armoire, une étagère, un fauteuil*;<br>• Често употребувани предмети: *un téléphone, un portable, un ordinateur, un ordinateur portable, une tablette, un téléviseur, une lampe, …* ;<br>• Броеви: главни (cardinaux) 1-100, 200, 300, … 1000 и редни (ordinaux): 1-20. | • Разбира зборови и изрази поврзани со опис на домот;<br>• Брои до 100;<br>• Ги употребува редните броеви до 20 во даден контекст;<br>• Именува поими кои ги означуваат просториите во домот;<br>• Именува поими кои означуват мебел;<br>• Ги именува често употребуваните предмети во домот;<br>• Го објаснува значењето на зборовите кои означуваат простории и мебел во домот;<br>• Употребува поими и изрази, во едноставни реченици, поврзани со опис на домот. |

<table>
<tr><td>в) Граматички содржини:<br>● Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходното одделение :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, сврзници, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална; извична).<br><br>● Нови содржини:<br>- предлози: en, sur, sous, dans, à côté de, près de, devant, derrière;<br>- изразот il y a;<br>- средства за претставување (présentatifs): c’est, voici, voilà;<br>- сегашно време (présent): habiter, avoir, être, se trouver.</td>
<td>● Разликува и правилно изговара одредени гласови во даден контекст;<br>● Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>● Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>● Ги употребува соодветните средства за претставување во даден контекст;<br>● Ги препознава новоусвоените предлози и ги употребува во едноставни реченици;<br>● Ги користи соодветните форми на глаголите habiter, avoir, être, se trouver во сегашно време.</td></tr>
<tr><td>г) Содржини за дискусија:<br>● Домот во франкофонски земји и во Македонија;<br><br>● Начин на кажување адреса на живеење во Франција и во Македонија.</td>
<td>● Ги воочува сличностите и разликите на домот во франкофонски земји и во Македонија;<br>● Ја воочува разликата во кажувањето адреса на живеење на француски и на мајчин јазик.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Примери на активности:<br>(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)</td></tr>
</table>

- Вообичаени активности за започнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден на табла и во неделата во тетратка, пеење претходно научена песничка.
- *Слушање, разликување и изговор на гласовите*. Пр.: учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- *Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик*. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Вежби за разликување графеми и правопис на зборови*. Пр. слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- *Слушање, разликување и изговор на гласовите*. Пр. учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Вежби за разликување графеми и правопис на зборови. Пр.: слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- *Jeu de mémoire*. Учениците во парови изработуваат картички, на македонски и француски јазик, со зборовите за просториите во домот. Потоа ги превртуваат картичките, да не се гледа напишаното. Го наоѓаат парот зборови на македонски и француски јазик кои означуваат иста просторија. Победник е оној што открил најмногу парови.
- *Histoire enchaînée*. Учениците се распоредени во круг и еден ученик почнува исказ со реченицата: *Dans ma maison, il y a*…. Потоа ученикот кој е од десната страна треба да го повтори и да го дополни со збор што означува просторија во домот и мебел. Секој следен ученик продолжува повторувајќи го претходно кажаното и дополнува со нов збор. Играта продолжува до моментот кога ќе бидат исцрпени сите усвоени зборови од темата. Од играта излегуваат учениците кои не успеваат да го повторат исказот кажан претходно. Победник е ученикот кој останува последен.
- *Où suis-je?* На картички се напишани просториите во домот. Еден ученик влече картичка и со пантомима објаснува во која просторија од домот се наоѓа. На пример, ако извлече картичка со зборот *кујна*, може да покаже како готви. Останатите ученици погодуваат. Притоа учениците заемно се оценуваат преку техниката семафор.
- *Chanson à trous*. Учениците слушаат песна и на лист, во парови, го дополнуваат текстот со зборови од темата. Пр.: *Dans ma maison* ... .
- *Jeu de la chaise* - Секој ученик треба да застане до своето столче. Наставникот дава упатства каде да застане ученикот: *Mettez - vous devant/ derrière/ sur/ à côté de la chaise.* Учениците се движат според упатствата.
- *Dictée illustrée*. Наставникот чита текст со опис на една просторија од домот. Учениците слушаат и цртаат според описот. Потоа наставникот проверува дали цртежите соодветствуваат на прочитаниот текст.
- *Dans la chambre*. Наставникот покажува слики од простории од домот и на табла, во две колони запишува: *il y a … / il n'y a pas de* ….

Учениците последователно излегуваат на табла и ги пополнуваат колоните со потребните зборови (што има/нема на сликата).

- *Мојот телефонски број*. Учениците во парови ги разменуваат реалните или замислените броеви на своите мобилни/фиксни телефони. Едниот ученик го кажува бројот со двоцифрени броеви според начинот на кажување во француските јазик, а другиот го запишува со цифри.
- *Quelle est ton adresse*? Наставникот дава неколку примери на адреси во Франција. Неколку ученици ја кажуваат својата адреса на мајчин јазик. Наставникот ги запишува на табла. Потоа учениците воочуваат разлики и заеднички прават споредба во однос на редоследот на елементите во адресата изведувајќи заклучок за разликата во кажувањето адреса на двата јазика.
- *Натпревар во изговор на броеви.* Учениците во групи наизменично пишуваат број на табла. Ученик од првата група пишува број на таблата, а ученик од другата група го изговора правилно за да добие поен. Победува групата која прва ќе освои десет поени.
- *Редни броеви.* Учениците набљудуваат постер од зграда чии редни броеви на катовите се напишани со букви. На постерот се напишани лични имиња на деца придружени со број (со цифра) на катот на кој живее (*Nicolas - 5*). Учениците го откриваат образувањето на редните броеви и ги поврзуваат децата со катот на кој живеат според прикажаниот број и доаѓаат до правилото за образување редни броеви. Потоа, по пример даден од наставникот, учениците усно се изразуваат: *Nicolas habite au cinquième étage*.
- *Јас сум прв, кој е втор?* Учениците кажуваат под кој реден број се заведени во училишниот дневник.
- Решавање квиз за проверка на знаењата составени од страна на наставникот или преку разни дигитални алатки (*Kahoot, LearningApps, liveworksheets*, ...).
- Слушање/читање со разбирање многу краток текст и одговорање на прашања од типот: *Qui? Quoi? Quand? Comment? Où?*, точно/неточно (vrai/faux), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор (QCM).

  *Ma maison est très belle. Elle n'est pas grande, mais il y a un jardin avec beaucoup de fleurs et des arbres. Il y a deux étages. Au premier étage, il y a un salon avec un sofa, deux fauteuils, une table, un grand téléviseur et une étagère. Il y a aussi une cuisine et des toilettes. Ma chambre est au deuxième étage. Il y a un lit, un bureau, une chaise et une armoire. Sur le bureau c'est mon ordinateur et sur les murs il y a des posters de mes célébrités préférées.*

- Усно изразување. Наставникот пушта видео во кое е претставена некоја куќа. Учениците ја опишуваат куќата, кои простории ги виделе, што има во детската соба….
- Усна интеракција:

  *A: Où habites-tu? Dans une maison ou dans un appartement?*

  *B: J'habite dans une maison.*

  *A: Qu'est-ce qu'il y a dans ta maison? Quelles sont les pièces dans ta maison?*

  *B: Dans ma maison il y a une cuisine, un salon…. Au premier étage, il y a trois chambres….*

*A: Qu’est-ce qu’il y a dans ta chambre?*

*B: Dans ma chambre, derrière la porte il y a un placard, à côté du placard il y a un lit…..*

- Писмено изразување: *Опис на просторија според дадена слика.* Учениците, поделени во мали групи, составуваат краток едноставен текст со опис на просторија според слика дадена од наставникот. Потоа, секој претставник на група го чита напишаното, покажувајќи ја сликата пред соучениците. Учениците од останатите групи внимателно слушаат и дополнуваат доколку има потреба. Накрај се избира најдобриот состав.
- Проектна задача: *Ma maison idéale*. Учениците, во парови или во групи, го цртаат на лист хартија (или на компјутер) својот идеален дом и пишуваат текст со опис на нацртаното. Потоа, ги презентираат цртежот и текстот пред соучениците. Накрај, се гласа за избор на најдобрата идеја.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на француски јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 3: СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ**

Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Разбере глобално и детално едноставен краток слушнат/пишан текст со опис на активностите од секојдневниот живот;
2. Го опише своето секојдневие усно и во краток едноставен текст;
3. Побара/даде информација, усно, за своите дневни оброци;
4. Состави краток едноставен текст за своите дневни оброци.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Говорни чинови:<br>• Опишување на своето секојдневие;<br>• Барање/давање информации за своите дневни оброци во усна интеракција;<br>• Искажување навики поврзани со дневните оброци во краток едноставен текст. | • Разбира глобално краток слушнат и/или пишан текст со опис на активности од секојдневниот живот;<br>• Го опишува, усно, со едноставни реченици, своето секојдневие;<br>• Составува краток едноставен текст во кој го опишува своето секојдневие;<br>• Разменува информации, во усна интеракција, за своите навики поврзани со дневните оброци;<br>• Составува краток едноставен текст за своите навики поврзани со |

| | |
|---|---|
| | дневните оброци. |
| б) Лексички единици:<br>• Зборови и изрази поврзани со секојдневните активности на еден ученик: *se lever, se laver, s'habiller, aller à l'école, faire ses devoirs, se promener, regarder un film, se coucher, manger, boire, prendre son petit déjeuner/ déjeuner/ dîner…*;<br>• Основни зборови и изрази поврзани со храна и пијалаци: *le lait, l'eau, le jus, le fromage, le jambon, le croissant, le pain, la confiture, le beurre, les fruits ,…;*<br>• Дневни оброци: *le petit déjeuner, le déjeuner, le dîner, le goûter*;<br>• Броеви ( повторување и продлабочување);<br>• Час (повторување и продлабочување): *XXX heure(s) et demie/ et quart/ moins le quart/ moins dix, …* | • Разбира зборови и изрази поврзани со секојдневните активности на еден ученик;<br>• Ги разбира и ги употребува во едноставни реченици основните поими што означуваат храна и пијалаци;<br>• Набројува зборови и изрази што ги означуваат секојдневните активности на еден ученик;<br>• Објаснува зборови и изрази поврзани со секојдневните активности;<br>• Го објаснува значењето на зборовите и изразите поврзани со секојдневните активности на француски и/или на мајчин јазик;<br>• Го објаснува, на француски и/или на мајчин јазик, значењето на основните поими поврзани со храна и пијалаци;<br>• Употребува зборови и изрази, во реченици, поврзани со секојдневните активности;<br>• Употребува соодветни изрази за искажување час на неформален начин;<br>• Применува новонаучени зборови и изрази во едноставни реченици во кои ги опишува своите дневни оброци. |
| в) Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходното одделение :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, сврзници, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална; извична).<br><br>• Нови содржини:<br>- партитивен член (article partitif): *Je mange du pain et de* | • Разликува и правилно изговара одредени гласови во даден контекст;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Ги употребува соодветните форми на партитивниот член во даден контекст;<br>• Ја употребува соодветната форма на повратните заменки;<br>• Ги употребува соодветните форми на новоусвоените глаголи во сегашно време при искажување активности од секојдневниот живот;<br>• Ги употребува новоусвоените прилози и предлози во едноставни реченици. |

| | |
|---|---|
| *la confiture*;<br>- повратни заменки (pronoms réfléchis): *me, te, se, nous, vous, se*;<br>- прилози (adverbes): *aujourd'hui, toujours, bien, mal, beaucoup, trop;*<br>- предлози (prépositions): *avant, après, pour*;<br>- сегашно време од глаголите: *se lever, se laver, s'habiller, se promener, se coucher, manger, prendre, boire*. | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Секојдневието на учениците во Франција и во Македонија;<br>• Јадења типични за Франција и за Македонија;<br>• Навики поврзани со дневните оброци во Франција и во својата култура. | • Ги набројува и ги објаснува сличностите и разликите поврзани со секојдневието на учениците во Франција и во Македонија;<br>• Ги набројува и ги објаснува сличностите и разликите поврзани со јадењата и дневните оброци во Франција и во Македонија. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка, пеење претходно научена песничка.
- Слушање, разликување и изговор на гласовите. Пр.: учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Вежби за разликување графеми и правопис на зборови. Пр. слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- *Откривање на значењето*. Учениците гледаат видео во кое се прикажани активности од секојдневниот живот и го откриваат значењето на зборовите и изразите. Потоа ги препишуваат во тетратките. До нив ги впишуваат еквивалентите на мајчин јазик.
- *Jeu de dominos*. Учениците добиваат домино картички кои треба да ги спојат на тој начин што личната и повратната заменка ќе ја спојат со

соодветната форма на глаголот.

- *Devine ce que je fais - compétition*. Наставникот на клупа става картички на кои се напишани изрази што означуваат секојдневни дејства. Учениците се поделени во групи од 4 до 6 ученици. По еден ученик од секоја група влече картичка и со пантомима го објаснува дејството, а учениците од останатите групи треба да го погодат и правилно да ја кажат формата на глаголот во второ лице еднина сегашно време. На пример, ако ученикот го објаснува глаголот *s'habiller,* другите ученици кажуваат: *tu t'habilles*. Екипата која прва ќе го даде точниот одговор добива еден поен.
- *Qu'est-ce que tu fais dans … ?* Наставникот ги запишува просториите во домот во колони, на табла. Учениците добиваат картички со секојдневни активности. Секој ученик излегува на табла, ја лепи картичката во соодветната колона и кажува реченица од типот - *Dans le salon je regarde la télévision.*
- *J'aime…/Je mange…* Учениците добиваат ливчиња со слика и напишан поим кој означува храна и пијалак. Потоа секој ученик составува усно по две реченици, со определен и со партитивен според даден пример од наставникот: *J'aime le fromage. Je mange du fromage*.
- *Партитивен член.* Учениците гледаат видео од песничка, пр. *Au petit-déjeuner - Alain le Lait.* При второто гледање на видеото со паузи ги препишуваат во тетратка прикажаните зборови кои означуваат храна. Со помош на наставникот го воочуваат партитивниот член пред зборовите и извлекуваат заклучок за неговата употреба.
- *Увежбување на формите на партитивниот член.* На работно ливче, учениците, во парови, дополнуваат реченици со форми на партитивен член. Ги разменуваат и заемно ги оценуваат.
- *Негацијата и партитивниот член*. Учениците добиваат текст во кој една личност кажува што сака / не сака да јаде : *Je mange du chocolat /Je ne mange pas de chocolat.* Го читаат текстот и со помош на наставникот извлекуваат заклучок за формата и за употребата на партитивниот член во потврдна и одречна форма на реченицата.
- *Увежбување на (не)употребата на партитивниот член*. Учениците составуваат реченици со употреба на партитивен член (усно или писмено). Пр. - *Je bois du lait.* -*Je ne mange pas de fromage*.
- *Jeu de dés*. На секоја страна од коцка се напишани прашања, пр.: *Qu'est-ce que tu manges au petit-déjeuner/dîner, goûter/déjeuner? Qu'est-ce que tu aimes / détestes?* Учениците ја фрлаат коцката и одговараат на прашањето.
- *Dictée de nombres.* Учениците се поделени во две или три групи. Секоја група наизменично кажува по еден број, кој другата група го запишува со цифра. (или со онлајн тркало на кое се напишани броеви до 1000 и која група побрзо ќе го напише бројот добива поен)
- *Игра во парови*. Едниот ученик кажува час, а другиот ученик го пишува со бројки или црта стрелки.
- *À quelle heure…?* Секој ученик пишува прашање на ливче (пр.: *Tu te lèves/ tu prends le déjeuner…à quelle heure?*) и го става во кутија. Потоа во парови, учениците влечат прашања и одговараат на нив.

- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или достапни преку алатките: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).

- Слушање/читање со разбирање на многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Qui? Quoi? Quand? Comment? Où?*, точно/неточно (vrai/faux), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор (QCM)

  *Le matin, je me lève à 7 heures, je me lave, je m'habille et je vais à l'école. Je rentre à la maison à midi. Je me repose, je fais mes devoirs et après je me repose. Je me couche à 22h.*

  *Au petit-déjeuner je mange du pain, du beurre et de la confiture. Je bois du thé. Je ne bois pas de lait. Je déteste le lait.*

- Усно изразување: *Histoire enchaînée.* Учениците се распоредени во круг. Секој ученик влече по една картичка на која е прикажано едно секојдневно дејство. Еден ученик ја започнува приказната *Chaque jour je me lève à 6h30*. Потоа продолжува друг ученик при што се внимава приказната да биде логична, да има континуитет.

- Усна интеракција:

  А: *À quelle heure tu te lèves?* В: *Je me lève à 6 heures et demie*

  А: *Qu'est-ce que tu préfères manger au déjeuner ?* *B: Au déjeuner je préfère la pizza.*
  *A: Qu'est-ce que tu manges au dîner ?* *B: Au dîner je mange de la salade.*

- *Rally communicatif/ Questionnaire*. Учениците прават истражување за дневните активности на своите соученици, пр.: во колку часот се будат, кога појадуваат, во колку часот одат на училиште, во колку часот си легнуваат, според модел даден од наставникот. Накрај, со помош на примерот што им го дава наставникот, учениците ги презентираат добиените одговори.

- Писмено изразување. Учениците инивидуално го опишуваат својот вообичаен ден со кратки, едноставни реченици. Потоа, го читаат напишаното пред своите соученици. Наставникот им дава на учениците усна повратна информација за успешноста на сработеното.

- Проектна задача: *Навики поврзани со дневните оброци во Франција и во својата култура*. Учениците, во групи, прават истражување (наставникот им дава материјали, линкови) за навиките поврзани со дневните оброци во Франција (во колку часот се оброците и на кое

место, што јадат најчесто за појадок / ручек, вечера …). Потоа изработуваат постер или презентација со споредба на навиките поврзани со дневните оброци во Франција и во својата култура. Секоја група го презентира сработеното.

- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на француски јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 4: СЛОБОДНО ВРЕМЕ**
Вкупно часови: 21

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Разбере покана/одговор на покана поврзана со активности во слободно време;
2. Покани и одговори на поканата, усно и преку (електронски) пораки;
3. Разбере едноставен краток слушнат / пишан текст со опис на временските услови;
4. Размени информации, во усна интеракција, за временските услови;
5. Состави едноставен краток текст за временските услови.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Говорни чинови:<br>• Поканување/ прифаќање или одбивање на поканата за активности во слободно време;<br>• Честитање роденден;<br>• Барање/давање информации за временски услови;<br>• Опишување на временските услови. | • Разбира глобално и детално покана/одговор на покана поврзана со активности во слободното време;<br>• Објаснува, на мајчин јазик, едноставна порака за поканување/одговарање на покана;<br>• Поканува /одговара на покана на едноставен начин, при усна интеракција;<br>• Составува кратки едноставни (електронски) пораки во кои поканува/одговара на покана;<br>• Честита роденден на свој соученик при усна интеракција;<br>• Разбира глобално и детално краток слушнат / пишан текст со опис на временските услови;<br>• Разменува усно информации за временски услови;<br>• Составува краток едноставен текст со опис на временските услови. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>• Зборови и изрази поврзани со активности во слободното време: *l'internet, le sport, le concert, les jeux vidéos, les sorties, le cinéma, …*;<br>• Зборови и изрази поврзани со роденденски забави: l'*invitation, l'anniversaire, le gâteau, la bougie, Joyeux anniversaire!/ Bon anniversaire!…*;<br>• Годишни времиња: *les saisons : le printemps, l'été, l'automne, l'hiver;*<br>• Изрази за опишување временски услови: *Il fait beau/chaud/mauvais, Il pleut, Il neige, Il y a du soleil, Il fait 15 degrés*;<br>• Броеви - главни (cardinaux). | • Разбира зборови и изрази поврзани со активности од слободното време;<br>• Набројува поими што означуваат активности од слободното време;<br>• Објаснува<br>• зборови и изрази поврзани со активности од слободното време;<br>• Ги разбира и ги именува поимите што ги означуваат местата на реализирање активности од слободното време;<br>• Именува поими што означуваат годишни времиња и временски услови;<br>• Употребува поими и изрази, во реченици, поврзани со слободното време. |
| в) Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходното одделение :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална; извична).<br><br>• Нови содржини:<br>- лична заменка (pronom sujet): *on = nous*;<br>- прилози (adverbes): *aujourd'hui, ici, là, toujours, bien, mal, beaucoup, trop;*<br>- сегашно време (présent): *faire, aller, jouer, écouter, nager, surfer*; | • Разликува и правилно изговара одредени гласови во даден контекст;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран/-а;<br>• Ги употребува прилозите *aujourd'hui, ici, là, toujours, bien, mal, beaucoup, trop,* во едноставни реченици;<br>• Ги користи соодветните форми на новоусвоените глаголи во сегашно време;<br>• Ги користи соодветните форми на новоусвоените глаголи во блиско идно време;<br>• Ги користи соодветните форми на новоусвоените глаголи во блиско минато време. |

| | |
|---|---|
| - блиско идно време (futur proche): *faire, aller, jouer, écouter, nager, surfer*;<br>- блиско минато време (passé récent). | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Интересите на младите од својата земја и на младите од Франција во врска со слободното време. | • Ги идентификува и ги искажува сличностите и разликите во врска со активностите од слободното време на младите од својата земја и на младите од Франција. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за започнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден на табла и во неделата во тетратка, пеење претходно научена песничка.
- *Слушање, разликување и изговор на гласовите*. Пр.: учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- *Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик*. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Вежби за разликување графеми и правопис на зборови*. Пр. слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- Вежби со подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- *Quel temps fait-il ?* Преку песничка учениците се запознаваат со изразите за прашување и кажување какво е времето. Се запишуваат изразите во тетратка а наставникот им открива и други изрази кои не се споменати во песничката. Потоа наставникот им покажува слики а учениците кажуваат какво е времето.
- *Годишни времиња*. Наставникот црта на табла умна мапа на која се напишани годишните времиња. Учениците треба да ја дополнат мапата со изрази за временските услови кои се застапени во годишното време.
- *Доаѓање до правилото.* Учениците набројуваат неколку активности од слободното време. Наставникот ги запишува на табла во блиско идно време, со примери во сите лица, а учениците го откриваат образувањето на блиското идно време.
- *Qu'est-ce qu'ils vont faire?* Учениците во тимови наизменично влечат слики со прикажана активност, кажуваат реченица со глагол во блиско идно време (*Il va manger. Ils vont nager.*) и ја пишуваат на табла.
- *Доаѓање до правилото (Passé récent)*. Учениците читаат краток текст и по насоки од наставникот ги подвлекуваат сите реченици во кои е употребен глаголот *venir* во сегашно време. Ги читаат, а наставникот ги запишува на табла. Потоа, заеднички ги анализираат речениците

и преку давање претпоставки , со помош на наставникот доаѓаат до структурата „venir de + инфинитив“ и до правилото за образување и употреба на passé récent.

- *Игра со топче: Le futur proche/Le passé récent.* Наставникот кажува реченица во која е употребено времето *Le futur proche.* Му го подава топчето на еден ученик кој ја кажува истата реченица, трансформирајќи го глаголот во *passé récent*. Потоа му го враќа топчето на наставникот кој ја продолжува играта на истиот начин со други ученици.
- *Натпревар во диктат*. Учениците се поделени во групи. По еден претставник од секоја група излегува на табла. Наставникот чита кратка реченица, а учениците ја пишуваат на табла. Оној кој прв ќе ја напише реченицата точно добива поен за својата група.
- Преку текст, учениците се запознаваат со изразите за поканување, прифаќање, заблагодарување и учтиво одбивање на поканата.
- Во парови, учениците составуваат покани и одговори за активности по завршувањето на часовите, а потоа вршат драматизација на сработеното пред соучениците.
- *Joyeux anniversaire.* Учениците преку песна ги усвојуваат изразите за честитање роденден. Потоа, откако ќе ја меморираат, ја пеат хорски.
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или веќе постоечки на страниците на: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).
- Слушање/читање со разбирање многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Qui? Quoi? Quand? Comment? Où?*, точно/неточно (vrai/faux), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор (QCM).

  *Paul : Bonjour Nicolas, qu'est-ce qu'on va faire samedi ? Tu veux jouer au basket et après on peut aller au cinéma.*
  *Nicolas : Salut Paul, samedi je ne peux pas, je vais à la fête d'anniversaire de mon cousin. L'après-midi on va jouer au paintball et le soir on va aller au restaurant.*
  *Paul : Alors, dimanche il va pleuvoir, tu peux venir chez moi. On va jouer aux jeux vidéo et regarder le match de football.*
  *Nicolas : D'accord. Je vais acheter des snacks et on peut commander une pizza.*
  *Paul : Bonne idée. À dimanche !*

- Усно изразување. Прикажана е метеоролошка карта на светот. Учениците влечат ливче со име на земја и ги опишуваат временските услови пред картата во улога на метеоролози:
  *-Aujourd'hui en Tunisie, il y a du soleil, il fait quarante degrés, il fait très chaud.*
  *-Au Canada, il fait mauvais. Il y des nuages et des orages. Il pleut.*

- Усна интеракција:

- *Tu veux aller au cinéma cet après-midi? - Oui avec plaisir ! / Non je ne peux pas.*
- *Qu'est-ce que tu vas faire le week-end? Je vais aller au concert avec mes copains.*
- *Quel temps fait-il aujourd'hui?  -Il fait beau.*

- Писмено изразување. Учениците пишуваат кратка електронска порака за да поканат некого на својот роденден.
  Учениците пишуваат електронска порака до другар/-ка од франкофонска земја со краток опис на временските услови кои се вообичаени за годишните времиња во нивната земја.

- Проектна задача. Учениците организираат роденденска забава. Се делат во групи и се договараат за местото на забавата, датумот, времетраењет/ часот, храната, пијалоцита, активностите, игрите, музиката. Може да дадат повеќе предлози што потоа ќе ги презентираат пред одделението и ќе се гласа.  Накрај, пишуваат покани на француски јазик во кои ќе ги вклучат договорените информации за забавата.
- Проектна задача. Учениците изработуваат постер на кој се прикажани слики за четирите годишни времиња. Под секоја слика ги запишуваат изразите што ги означуваат временските услови карактеристични за соодветното годишно време.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на француски јазик, играње улоги, драматизации.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите, наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не истакнување на недостатоците. Бидејќи во седмо одделение по предметот француски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран;
- вербално и невербално реагирање по слушнат исказ;
- разбирањето куси слушнати и /или пишани искази и куси дијалози, куси текстови, куси стихотворби, едноставни песни и сл.;
- правилното пишување зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- усното изразување и усната интеракција;
- пишувањето реченици, кратки и едноставни текстови на зададени теми;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- индивидуални и групни изработки на проектни задачи (постери, илустрации, …);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по Француски јазик за VII одделение.** | бр. 12-12122/11<br>8.11.2023 година<br><br>**Министер за образование и наука**<br>**Doc.Dr. Jeton Shaqiri,c.p.**<br><br>____________________________ |